# БУЏЕТОТ ЗА ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НЕ Е ПРОГРЕСИВЕН И ПОСТОЈАНО СЕ НАМАЛУВА

*Во оваа анализа даваме подетален осврт на финансиското планирање и движењето на средствата од буџетите на Министерството за здравство, Здравствена заштита за превенција, Програмата за рана детекција на малигни заболувања и средствата за спроведување на активности за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената (карцином на грло на матка) и спроведување на организиран скрининг на карцином на дојка за периодот од 2008 до 2012 година. Со оваа анализа ја оценуваме важноста на програмата за рана детекција на малигни заболувања, заложбите на Владата за унапредување на здравјето на женската популација и оценување на стратешките приоритети на државата во поглед на здравствените потреби на населението.*

**ЗАКЛУЧОК 1**

Јазот помеѓу расходите и приходите во буџетот на Министерството за здравство секоја буџетска година е се поголем

Политиката на наменско креирање на дефицит во буџетите на буџетските корисници и единки корисници, е тренд кој веќе долги години се практикува во РМ. Различни експерти на различен начин ја толкуваат оправданоста од креирање на буџетски дефицит. За едни истиот е позитивна пракса која води кон развој, а пак за други претставува непосакувана појава која води само кон натамошно кумулирање на долг. Според нас, креирањето на буџетскиот дефицит е резултат на неправилна проценка на идните приходи и поставување на повисоки цели од реално возможните и остварливи за јавните субјекти, како и преценување на расположливите капацитети и можности на јавните служби.

Праксата на креирање на буџетски дефицит не го одминува ниту буџетот на Министерството за здравство. Министерството за здравство секоја буџетска година се соочува со проблеми во остварувањето на буџетска рамнотежа.

Министерството за здравство е претежно расходно ориентирана институција која планира и троши повеќе средства, од колку што располага. Односно, во просек секоја буџетска година планира 9,82% повеќе трошоци, и 2,31% помалку приходи. Планираните расходи од буџетот на Министерството за здравство претставуваат во просек 0,52% од БДП на РМ во периодот од 2008 до 2012 година. А пак, дефицитот во буџетот на Министерството за здравство, во истиот период изнесува 0,37% од вкупниот БДП на РМ.

Доколку се земе предвид порастот на општото ниво на цените и намалувањето на вредноста на денарот т.е. инфлацијата, погоре образложената состојба се менува. Во буџетот на Министерството за здравство во периодот од 2008 до 2012 година, расходите бележат стапка на просечен реален пораст од 10,44%, а пак приходите бележат просечен реален пад од 1,61% или 0,63 процентни поени повеќе во однос на номиналниот пораст на расходите и 0,70 процентни поени помалку во однос на номиналниот пад на приходите.[1]

Па оттука, и покрај тоа што во Централниот буџет се бележи тренд на пораст на планираните средства (приходи и расходи), учеството на средствата од буџетот на Министерството за здравство во централниот буџет е незначително, односно тоа изнесува 0,44% во 2008 година и 0,42% во 2012 (ребаланс) кај приходите, односно 1,21% во 2008 година и 3,34% во 2012 (ребаланс) година кај расходите.

**Графикон број. 1. Движење на вкупните планирани приходи и расходи во буџетот на Министерството за здравство**




[1] Податоците кои се образложени во овој параграф се пресметани според стапката на инфлација за 2012 година, земена од статистиките на НБРМ. Мораме да нагласиме дека станува збор за нереална стапка на инфлација во период кога има општ и постојан пораст на цените на сите основни добра. Овие податоци се земени заради тоа што за 2012 година освен овој податок не постојат други јавно достапни податоци за месечната стапка на инфлација.

**ЗАКЛУЧОК 2**

**Владата на Р. Македонија и Министерството за здравство секоја година издвојуваат се помалку средства за превентивната здравствена заштита на населението**

Превентивната здравствена заштита претставува одделна компонента во буџетот на Министерството за здравство, која опфаќа девет поединечни подкомпоненти за примарна и секундарна превенција насочени кон одделни групи на население. Следејќи го движењето на буџетот за превентивна здравствена заштита може да се заклучи дека овие средствата претставуваат незначителен дел од вкупните средства со кои располага државата искажани во Централниот буџет (просечно 0,35% во периодот од 2008 до 2012 година) и претставуваат приближно една четвртина од буџетот на Министерството за здравство (23,63%). Буџетот за превентивна здравствена заштита во периодот од 2008 до 2011[2] во просек претставува 0,14% од вкупниот БДП на РМ. Во периодот од 2008 до 2012 година праксата на зголемување на вкупните расположливи средства за трошење во буџетот на Министерството за здравство и зголемувањето на обемот на активности, се однесува само на вкупниот буџет на министерството и не се јавува како тренд и во одделните потточки (програми) од буџетот на министерството. Односно, средствата од буџетот за превентивна здравствена заштита (вклучувајќи ги буџетите за деветте[3] програми) за анализираниот период просечно годишно се намалуваат за 7%[4]. Односно, средствата за превентивна здравствена заштита во 2012 година (последниот извршен ребаланс на централниот буџет) се пониски за 32,44% во однос на овие средствата во 2008 година (донесениот буџетот).

**Графикон 2. Движење на буџетски средства за превентивна здравствена заштита за периодот 2008 до 2012 година**




[2] 2011 година е земена како последна заради фактот што официјалните податоци на Државниот завод за статистика по однос на остварен БДП се расположливи до 2011 година.
[3] Највисоко учество во вкупниот буџет за превентивна здравствена заштита на Министерството за здравство во периодот од 2008 до 2012 година има програмата за задолжителна имунизација на населението, таа приближно учествува со 42%.
[4] Процентот е пресметан како проста аритметичка средина помеѓу стапката на номинален раст на вкупните средства за здравствена заштита за превенција предвидени во буџетот на МЗ вклучително донесени буџети и ребаланс на буџети за секоја година (од 2008 до 2012 година).

**ЗАКЛУЧОК 3**

Средствата издвоени за спроведување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања се незначителни во однос на Централниот буџет, буџетот на Министерството за здравство и буџетот за превентивна здравствена заштита

Просечното учество на буџетот на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во вкупните расходи на централниот буџет во периодот од 2008 до 2012 година изнесува 0,02% (земајќи ги во предвид учеството на Програмата во донесените буџети и извршени ребаланси), а пак во вкупните расходи на Министерството за здравство изнесува 1,04%. Во буџетот за превентивна здравствена заштита оваа програма учествува во просек со 4,77%. Средствата за реализација на Програмата за рана детекција на малигни заболувања претставуваат во просек 0,006% во вкупниот БДП на РМ за наведениот период.

Најмногу средства за спроведување на активностите од Програмата за рана детекција на малигни заболувања во периодот од 2008 до 2012 година, Министерството за здравство издвоило во 2011 година (види графикон број 3). Односно, во 2011 година, оваа програма учествува со максимални 9% во буџетот за превентивна здравствена заштита. Ова зголемување на буџетот на програмата во 2011 година за 17.000.000,00[5] денари, во однос на 2010 година (последен ребаланс), се должи на воведувањето на активности за спроведување на организиран скрининг на колоректален карцином[6]. Средствата предвидени во буџетот на програмата за 2012 се пониски за 9,6%[7] во однос на оние предвидени во 2008 година.

[5] Во 2011 година Програмата има буџет од 50.000.000,00 денари, а пак во 2010 година со последниот ребаланс се предвидуваат 33.000.000,00 денари.

[6] Важно е да се истакне дека активностите за спроведување на организиран скрининг на колоректален карцином се за прв пат воведени во 2010 година но со ребалансот направен на 17 август оваа компонента и компонентата за организиран скрининг на рак на грло на матка се бришат целосно од програмата.

[7] Како предмет на компарација се износите на донесениот буџет во 2008 година и извршените измени и дополнувања во буџетот на Министерството за здравство во 2012 година. Битно е да се напомене дека во 2008 година и 2009 година немаше една Програма за рана детекција на малигни заболувања, односно во буџетот за здравствена заштита за превенција немаше активности за спроведување на организиран скрининг на колоректален карцином, па така вкупниот буџет за 2008 и 2009 година прикажан во графиконот е земен како сума од двете постоечки програми за карцином на дојка и карцином на матка.

**Графикон број 3. Движење на средствата на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во периодот од 2008 до 2012 година, според податоци од буџетот на Министерството за здравство**




**ЗАКЛУЧОК 4**

Буџетот за рано откривање, спречување и лекување на карциномот на грло на матка и карциномот на дојка е незначителен во однос на вкупните планирани трошоци во централниот буџет, буџетот на Министерството за здравство и буџетот за здравствена заштита за превенција и е предмет на чести измени

Разгледувајќи го учеството на финансиските средства за реализација на овие две компоненти од Програмата за рана детекција на малигни заболувања во однос на буџетот за превентивна здравствена заштита, буџетот на Министерството за здравство и централниот буџет воочивме два тренда. Прво, учеството и на двете компоненти во сите споменати буџети е минимално, а второ, буџетите на овие компоненти се предмет на чести измени. Односно средствата за спроведување на активностите од двете компоненти често флуктуираат и не се бележи тренд на константен пораст или одржување на одредено ниво, туку истите се менуваат без притоа да постои логичен редослед (забележлива е практика на најмалку два ребаланси на програмата во тек на една година).

Просечното учество на буџетот за спроведување на скрининг на карцином на грло на матка во вкупните расходи на централниот буџет во периодот од 2008 до 2012 година изнесува 0,004% (земајќи ги во предвид учеството на оваа компонента во донесените буџети и извршени ребаланси), а пак во вкупните расходи на Министерството за

здравство изнесува 0,25%. Во буџетот за превентивна здравствена заштита оваа програма учествува во просек со 1,33% во наведениот период.

Просечното учество на буџетот за спроведување на скрининг на карцином на дојка во вкупните расходи на централниот буџет во периодот од 2008 до 2012 година изнесува 0,005% (земајќи ги во предвид учеството на оваа компонента во донесените буџети и извршени ребаланси), а пак во вкупните расходи на Министерството за здравство изнесува 0,33%. Во буџетот за превентивна здравствена заштита оваа програма учествува во просек со 1,66% во наведениот период.

Најмногу средства за спроведување на активностите за скрининг на карцином на грло на матка и карцином на дојка во периодот од 2008 до 2012 година, Министерството за здравство издвоило во 2011 година (види графикон број 4). Средствата за овие две компоненти во 2012 година се намалени за речиси половина.

Средствата за спроведување на организиран скрининг на карцином на дојка според последните измени на програмата направени во 2012 година се за 27% пониски во однос на средствата за истата намена предвидени со донесената програма за 2008 година. Средствата за спроведување на организиран скрининг на карцином на грло на матка се за 0,85% повисоки во 2012 година (последна измена на буџетот на оваа програмска компонента) во однос на 2008 година (донесен буџет на оваа програма). Ова и покрај тоа што во 2012 година активностите за организиран скрининг на рак на грло на матка станаа задолжителни и универзални за целата територија на РМ во споредба со пилот програмата за 2011 година.

Просечниот буџет во периодот од 2008 до 2012 година за спроведување на организиран скрининг на карционом на дојка изнесува 8.922.669,50 денари, а пак за спроведување на организиран скрининг на карцином на грло на матка изнесува 8.397.142,86 денари.

**Графикон 4. Движење на планирани средства за реализација на активности за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената (карцином на грло на матка и карцином на дојка) за период од 2008 до 2012 година**



**ЗАКЛУЧОК 5**

**Министерството за здравство не ги реализира во целост предвидените средства за превентивна здравствена заштита**

Според податоците од завршната сметка на централниот буџет во 2011 година[8] остварени се 26%[9] помалку приходи и 15%[10] помалку расходи од планираните во буџетот на Министерството за здравство. А пак, според податоците од завршната сметка на централниот буџет во 2010 година[11] остварени се 35%[12] помалку приходи и 13%[13] помалку расходи од планираните во буџетот на Министерството за здравство.

Според податоците објавени со завршната сметка на Централниот буџет за 2010[14] година од вкупните планирани средства за извршување на активностите за здравствена заштита за превенција остануваат нереализирани 15% во однос на планираните средства со извршениот ребаланс во 2010 година или 27% во однос на донесениот буџет за 2010 година.

Според податоците презентирани во завршната сметка на централниот буџет за 2010 година, од вкупно планираните средства за спроведување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, во 2010 година непотрошени се вкупно 39% или 50% од предвидените средства со извршениот ребаланс на буџетот на Програмата.

**Оваа анализа и активностите на ЕСЕ за мониторинг и анализа на буџети се финансиски поддржани од:**

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

[8] Во завршната сметка за 2011 година има само податоци за вкупно реализирани приходи и расходи во буџетот на Министерството за здравство и нема податоци за реализација на поединечните ставки од пучетот на Министерството за здравство.
[9] Планирани приходи – 424.521.000 денари, Реализирани приходи – 315.110.848 денари
[10] Планирани расходи – 3.104.708.000,00 денари, Реализирани расходи – 2.648.433.292,00 денари
[11] Во завршната сметка за 2011 година има само податоци за вкупно реализирани приходи и расходи во буџетот на Министерството за здравство и нема податоци за реализација на поединечните ставки од пучетот на Министерството за здравство.
[12] Планирани приходи – 424.521.000 денари, Реализирани приходи – 315.110.848 денари
[13] Планирани расходи – 3.104.708.000,00 денари, Реализирани расходи – 2.648.433.292,00 денари
[14] Наодот се базира само на податоци од завршна сметка за 2010 година заради тоа што другите расположливи завршни сметки (2008, 2009 и 2011 година) не се расчленети по буџетски корисници и нивни одделни функции, туку содржат информации исклучиво само за вкупната реализација на средства кај одделните буџетски корисници.